РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр. 50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

УП бр. 10-104

Врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр.145/2010), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известувањето за планирано доделување на помош и известувањето за доделување на планирана државна помош за регионален развој на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје бр.10-104 од 19.06.2012 година поднесено од Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции М-р Веле Самак, на седницата одржана на 27.06.2012 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Мерката XXX, содржана во Известувањето за планирано доделување на помош и известувањето за доделување на планирана државна помош за регионален развој бр.10-104 од 19.06. 2012 година, поднесено од страна на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции М-р Веле Самак, за доделување на планирана државна помош за регионален развој на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.8-ма Ударна Бригада бр.43/3, 1000 Скопје, Р.Македонија како корисник на државната помош, наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за XXX , претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено;**
2. Мерката XXX, содржана во Известувањето за планирано доделување на помош и известувањето за доделување на планирана државна помош за регионален развој бр.10-104 од 19.06.2012 година, поднесено од страна на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции М-р Веле Самак, за доделување на планирана државна помош за регионален развој на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.8-ма Ударна Бригада бр.43/3, 1000 Скопје, Р.Македонија како корисник на државната помош, наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за XXX, претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено;**
3. Мерката XXX , содржана во Известувањето за планирано доделување на помош и известувањето за доделување на планирана државна помош за регионален развој бр.10-104 од 19.06.2012година, поднесено од страна на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции М-р Веле Самак, за доделување на планирана државна помош на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.8-ма Ударна Бригада бр.43/3, 1000 Скопје, Р.Македонија како корисник на државната помош, наменета за XXX , претставува **хоризонтална помош како**

**индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 14 од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на истата е дозволено.**

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, во име на Владата на Република Македонија како давател на државна помош, Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции М-р Веле Самак до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави известување за планирано доделување на помош како и известување за доделување на планирана државна помош за регионален развој на корисник на Индустриската зона “Телот„ Општина Кавадарци,- ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје бр.10-104 од 19.06.2012 година (во понатамошниот текст: известувања), со прилог копија од правниот акт врз основа на кој се доделува помошта-Извадок од Нацрт – записникот на четириесет и шестата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.06.2012 година и Договорот за доделување на државна помош на корисник во Индустриската зона “Телот„ Општина Кавадарци (во понатамошниот текст: Договор)

Со оглед на фактот дека поднесените известувања ги содржат сите потребни податоци потребни за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/2010), како ден на прием на уредно известување се смета 19.06.2012 година.

Комисијата за заштита на конкуренција ( во понатамошниот текст: КЗК) во законски предвидениот рок ги испита доставените известувања и прилог копијата од правниот акт врз основа на кој се доделува помошта-Извадок од Нацрт- записникот на четириесет и шестата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.06.2012 година како и Договорот кон него и ја утврди следната фактичка состојба:

1. **Давател на државната помош е:** Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од страна на Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, М-р Веле Самак;

2. **Корисник на државната помош е**: ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.8-ма Ударна Бригада бр.43/3, 1000 Скопје, Р.Македонија.

3. **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на кој се доделува помошта-Извадок од Нацрт- записникот на четириесет и шестата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.06.2012 година и Договорот за доделување на државна помош на корисник во Индустриската зона “Телот„ Општина Кавадарци кој во име на Владата на Република Македонија како давател на државна помош ќе го склучи Министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, М-р Веле Самак со ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје, како корисник на помошта.

4. Помошта во облик на XXX која Владата на Република Македонија планира да ја додели на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје, **е наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за** XXX , и истата претставува

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр. 50** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**регионална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош.**

5. Помошта во облик на XXX која Владата на Република Македонија планира да ја додели на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје, **е наменета за** XXX и истата претставува **хоризонтална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 14 од Законот за контрола на државната помош.**

6. Мерките содржани во известувањата:

 –XXX , претставуваат регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, при што **доделувањето на истите е дозволено.**

 - XXX претставува хоризонтална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 14 од Законот за контрола на државната помош**, при што доделувањето на истата е дозволено.**

При оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта КЗК утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош ("Службен весник на Република Македонија„ бр.81/2003 и 118/2009), (во понатамошниот текст: Уредба за регионална помош) и согласно Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош ("Службен весник на Република Македонија„ бр.157/2007), (во понатамошниот текст: Уредба за хоризонтална помош).

XXX

Исто така, во член 5 од Уредбата за регионална помош е утврдено дека регионалната помош определена со Уредбата за регионална помош не може да се кумулира со друга државна помош во поглед на истите оправдани трошоци, доколку таквото кумулирање би резултирало со интензитет на помошта што ја надминува максималната вредност утврдена со оваа Уредба.

Членовите 27, 28 и 29 од Уредбата за хоризонтална помош ги утврдуваат условите за доделување на државната помош за **обука за посебно или општо усовршување на работници.**

**Оттука,** врз основа на правилата од член 27 од Уредбата за хоризонтална помош, давателот на државна помош ќе утврди дали станува збор за општо или посебно усовршување.

XXX

XXX

Исто така, во известувањата и во Договорот за доделување на државна помош на корисник во Индустриската зона "Телот„ општина Кавадарци, се дефинирани оправданите трошоци за обука и истите ќе бидат земени како основа за одредување на интензитетот на државната помош за XXX на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје .

Со оглед на тоа дека станува збор за доделување на различни видови на државна помош на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје, односно предвидено е доделување на регионална и хоризонтална помош, оправданите XXX трошоци се различни од

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр. 50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

оправданите трошоци за XXX, што укажува на фактот дека треба соодветно да се применуваат правилата согласно Уредбата за регионална помош односно, согласно Уредбата за хоризонтална помош при пресметка на интензитетот на државната помош.

Од горенаведеното произлегува дека помошта која Владата на Република Македонија ќе ја додели на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје како XXX наменета за поддржување на реализација на инвестицискиот проект за XXX **е дозволена**, бидејќи истата е планирано да се доделува во согласност со Уредбата за регионална помош.

Исто така, помошта која Владата на Република Македонија ќе ја додели на ДММ Дрекслмајер мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Скопје како XXX наменета за XXX **е дозволена**, бидејќи истата е планирано да се доделува во согласност со Уредбата за хоризонтална помош.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Претседател**

**Благој Чурлинов**